

***Розеана Новоселска***

**Скрнавењето на најсветото за Македонскиот Народ, Мечкин Камен, од страна на Заев и власта на СДС, е многу извитоперен чин во нивните намери за бришење на Македонизмот.**

**Озлогласениот Заев кој диктаторски наметна државно-општествени решенија кои категорично и со огромен револт беа отфрлени од народот, сака да ги прикаже пред странската јавност и делегации како општо и еуфорично прифатени од Македонскиот Народ.**

**Со организираното и присилно носење граѓани од малцинствата како и толпа од малата група поддржувачи на неговите политики на терор врз Македонскиот Народ,Заев со ефект на Потемкини села и платено и оркестрирано викање "северна, северна" претстави режирана но лажна слика за чувствата на Македонците, додека позадински се апсеше и потиснуваше со репресија Македонскиот Народ кој сакаше на најсветлиот ден од своето постоење да биде на едно од своите Најсвети Места. Ваквата хистерија ги потсети Македонците на викањето на грчката морнарица " Ќе дериме кожи на живо од Циганоскопјаните( Македонците) и од нив ќе правиме тапани" и тоа на официјална државна парада.**

**Тиранинот Заев со примитивност на пештерски поглавица и со страшна бруталност непримерена за 21 век, со агресија, малтретирања, корупција, уцени, тортури, терор, се обидува да направи асимилација на Македонскиот Народ во од него новосоздадена неприродна вештачка Нација "северна" ,и тоа во насилно натурена измислена и окупирана држава од мала група бандити. Таквата новосоздадена Заева Нација нема историја и минато , идентитет, етнолошко потекло, своја суверена држава, нема јазик, нема традиција и култура, културно наследство, нема свои институции, нема право на достоинство.**

**Монструозноста на овој Расист и Македонофоб не завршува само со скрнавење на најсветото за Македонците и со театарот за меѓународната. За него е храна да ги навредува и труе со својата омраза Македонците и со својот говор на омраза кој го блуе во секоја можна прилика и да ја покаже својата решеност за терор врз Македонскиот Народ. Додека инсталирањето на репресивниот фашистички диктаторски режим во окупираната Македонска Држава се засилува според**

**потпишаниот Преспански Акт на окупација, Заев не ја пропушта ниту една можност за да посее страв, грозоморни навреди и да им покаже на Македонците дека само тие се дискриминирани во својата Држава. Да ги потсети дека им се одземени елементарните човекови права и слободи и дека не смеат да се спротивставуваат на таквата сегрегација, затоа што ќе бидат изложени на репресија и невидена тортура. Не помина ниту една седмица откако јавно го нарече Македонскиот Народ, на чии плеќи финансиски е заседната неговата корумпирана власт, Коњски Народ т.е. Букефализиран Народ.**

**Омразата на Заев спрема Македонскиот Народ е немерлива и деструктивна. Под паролата “едно општество за сите“ Заев ја украде Државата на Македонскиот Народ од Македонците. Заради понижување на Македонскиот Народ донесе туѓа културна група на албанци,на најсветиот Македонски ден Илинден, кои со играње на муслиманско оро шота, оро на славење на омразата спрема се што е православно христијанско, сака да зададе уште еден удар на терор за покажување на своето насилие со кое владее. Исто како пеењето на странска албанска химна во домот на Македонскиот Народ ,Собранието на Република Македонија на 27Април 2017 кога со диктатура и пукање, преку пуч и насилно назначување на Спикер, амнестиран злосторник против човештвото од Албанската војна за анексија на македонски територии во 2001, го отпочна диктаторското преземање на Државата.**

**Илинден од вчера 2ри Август 2019, на Мечкин Камен, докажа без сомнеж дека Заев е невиден злосторник кој заедно со злосторничкото здружение на СДСС, 80те Проклети во Собрание и цела Влада, се крвници и смртни непријатели на Македонскиот Народ и Држава.**

**Оваа окупација без официјална најава, МОРА да падне! 4-ти Илинден МОРА да се случи!**

**СМРТ НА РАСИЗМОТ СЛОБОДА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД !**

**НИКОГАШ северна САМО МАКЕДОНИЈА!**